СТУДИИ

ИЗДАНИЕ 3

# ПРЕДИЗВИЦИ ЗА РЕИНТЕГРАЦИЈА НА ПОВРАТНИЦИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА СОГЛАСНО ДОГОВОРИТЕ ЗА РЕАДМИСИЈА

www.analyticamk.org

После визната либерализација, земјите членки на ЕУ се соочија со бројни барања за азил од страна на државјани на земјите од Западен Балкан, меѓу кои и македонски државјани. Кога проблемот со злоупотребата на визната либерализација се појави за прв пат, државните власти беа одлучни да се справат со него. Досега, фокусот беше пред се на репресивни мерки, како што се построга гранична контрола или кривично гонење на оние кои ја овозможуваат нерегуларната миграција. Сепак, многу малку е направено во однос на реинтеграција на повратниците. Реинтеграцијата е важна не само од аспект на обезбедување социјални услуги за ранливите групи, туку и за превенција на повторна миграција.

Креаторите на политиките ги имаат препознаено предизвиците со кои се соочуваат повратниците откако ќе се вратат во Македонија, како што се социјална исклученост, маргинализација и сиромаштија.[1] Исто така, во 2010 год. Владата усвои Програма за помош и поддршка при реинтеграција на повратници во Република Македонија согласно реадмисионите договори. Според програмата, предвидено е креирање на Координативно тело за повратници кое ќе ја следи состојбата. Уште поважно, беше предвидено воспоставување на Национален центар и најмалку два локални центри за реинтеграција на повратниците кој ќе биде екипиран со правници, социјални работници, психолози и доктори. Одговорностите на овие „Центри за реинтеграција" вклучуваат не само регистрација и евиденција на повратниците и издавање на потврда за статусот на повратник (потребна за остварување на нивните права и обврски), но исто така и бесплатна правна помош и советување, информации за постоечките права и обврски, подготовка на годишни акциски планови со активности за реинтеграција итн. Сепак, на оперативно ниво, се спроведува многу малку од тоа и забележани се предизвици во секој од четирите основни чекори на реинтеграција: правна помош, социо-економска поддршка, здравствени услуги и образование.

Првиот проблем со кој се соочуваат повратниците кога ќе се вратат во Македонија е проблемот со личната **документација.** Иако речиси сите ја напуштиле земјата по легален пат и со легитимни патни исправи, некои од нив ги оставиле своите документи во странство, особено во случаи на депортација кога се под притисок и имаат многу малку време да се спакуваат. Поседување на лична документација е основен предуслов за да се добие пристап до услугите како што е социјална помош, здравствена заштита, образование итн. Во Програмата за реинтеграција на повратниците беше планирано дека повратниците ќе добијат потврда за статус на повратник која ќе можат да ја користат за административни цели додека не им бидат издадени личните документи. Сепак, во пракса, повратниците не добиваат никаков документ кој го потврдува нивниот

1 Програма за помош и поддршка при реинтеграција на повратници во Република Македонија согласно реадмисионите договори, Влада на Република Македонија, јануари 2010

статус. Што се однесува до останатата документација (здравствена картичка, признавање на дипломи итн.), не постои организиран систем за правна помош кој ќе им помага. Друг проблем е тоа што голем број на повратници, особено оние кои доброволно се вратиле во Македонија, не го пријавуваат својот статус пред надлежните органи поради страв од можни последици. Ова особено се случува доколку истите користеле помош од фасилитатори или организирани групи што може да повлече кривична одговорност.

Откако ќе обезбедат лична документација, следниот чекор е остварување на правото на **социјална заштита** како месечна финансиска поддршка согласно Законот за социјална заштита.[2] Со оглед на тоа што повратниците не се препознаени како посебна категорија на која треба да и се обезбеди социјална заштита,[3] не се предвидени конкретни социјални услуги кои директно ќе ја таргетираат оваа група на граѓани. Доколку ги исполнуваат условите, може да се пријават за социјалните услуги кои се достапни за останатите категории. Друг проблем со кој се соочуваат повратниците е домувањето. Пред да заминат, многумина продале се што поседуваат, па кога ќе се вратат назад се оставени без засолниште. Не постои институционална поддршка за ова прашање, иако Програмата за реинтеграција предвидува отворање на Прифатен центар каде повратниците без постојано живеалиште ќе бидат привремено сместени во период од најмногу 60 дена откако ќе се вратат во земјата. Па така, повратниците најчесто се потпираат на роднини и пријатели или пак изнајмуваат сместување. Со оглед на тоа што најголемиот број повратници се со ромско потекло,[4] ова се случува во средина каде домувањето е еден од главните предизвици со кои генерално се соочува ромската популација. Честопати се сместени во неформални населби, во импровизирани куќи и без основна инфраструктура.

Следниот предизвик е во однос на вработувањето и пристап до пазарот на труд како еден од столбовите на било кои политики за еманципација на ранливи групи. Лошите економски услови се една од главните причини за зголемена нерегуларна миграција. Повратниците не добиваат институционална поддршка која ќе им помогне да добијат информации за можностите за вработување. Како и останатите активни баратели на работа, повратниците имаат пристап до мерките кои се применуваат преку Агенцијата за вработување. Според УНДП, стапката на невработеност меѓу ромската популација е најмалку двапати поголема во споредба со останатите. Ромите, особено жените Ромки, се соочуваат со поголема невработеност, помалку се платени за слична работа, и постои поголема веројатност дека ќе работат работа за која се потребни пониски квалификации и во неформални услови.[5] Оттука, ова е уште една област во која треба да се работи.

Понатаму, Националната програма за реинтеграција предвидува оценка на целокупната здравствена состојба на повратниците и нивните семејства која треба да биде спроведена после нивното прифаќање во Центрите за реинтеграција, што вклучува

2 Член 15

3 Програма за остварување на социјална заштита во Македонија за 2016, Службен весник на Република Македонија, бр. 2 од 08.01.2016, достапно на: http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dokumenti/12.1_programa%20za%20SZ%20 2016.pdf

4 Нови факти и бројки за барателите на азил од Западен Балкан, Иницијатива за европска стабилност, 6 април 2015, стр.5, достапно на: http://www.esiweb.org/pdf/New%20 facts%20and%20figures%20on%20WB%20 asylum%20claims%206%20April%202015. pdf

5 УНДП Македонија, http://www.mk.undp.org/content/the_former_yugoslav_republic_of_macedonia/en/home/operations/projects/poverty_reduction/improving-the-institutional-response-to-domestic-violence1.html

оценка на нивната физичка и психичка состојба и регистрација на сите релевантни информации за претходни здравствени проблеми и интервенции. Врз основа на овие првични информации, на повратниците ќе им бидат обезбедени информации и ќе бидат упатени до соодветните институции доколку е потребно. Освен тоа, Стратегијата предвидува пакет за примарна здравствена заштита за повратниците во траење од најмногу 60 дена, се додека не обезбедат здравствено осигурување. Во практиката, со оглед на тоа што овие прифатни центри не функционираат, повратниците не добиваат никаков првичен преглед или пак здравствена заштита. Откако ќе се регистрираат како невработени лица во Агенцијата за вработување, имаат право на здравствено осигурување како и сите други граѓани. Друг проблем претставува здравственото осигурување на децата родени во друга земја, без изводи на родените, и во тој случај тешко е да се добие пристап до примарна здравствена заштита.

Во крајна линија, предизвици исто така постојат и при напорите за интеграција во македонскиот **образовен систем.** Во една студија за политики која беше објавена неодамна,[6] се оценува дека половина од повратниците треба да се интегрираат во основното или средно образование. Програмата за реинтеграција предвидува дека после регистрацијата, повратниците треба да пополнат прашалник кој ќе вклучува прашања за нивното претходно образование со цел да им се обезбедат информации за постоечките образовни можности. Сепак, со оглед на тоа што повратниците не поминуваат низ никаков процес на регистрација, особено во случај на доброволно враќање, не добиваат ваков тип на услуги. Главниот проблем со кој се соочуваат повратниците после нивното враќање е интеграција во образовниот систем кога децата не го зборуваат македонскиот јазик, имаат проблеми со признавање на дипломите или не поседуваат документи за нивното претходно образование. Исто така, треба да се има предвид дека овие деца поминале низ трауми поради нивната депортација, брзо менување на средината итн., така што постои потреба од психолошка поддршка и социјализација.

Исто така, важно е да се забележи дека нема јавно достапни информации за статистички податоци за баратели на азил и повратници во Македонија. Проблемот со недостигот на информации е препознаен во Програмата за реинтеграција. Проблемот е особено воочлив во однос на доброволни враќања, при што документот се потпира на статистички податоци добиени од Меѓународната организација за миграции (ИОМ).[7] Ова е особено проблематично со оглед на тоа што статистичката анализа треба да биде првиот чекор за разбирање

6 Дурмиш, Жаклина и Митановски, Александар „Децата Роми повратници од странство и нивното уставно загарантирано право на образование" во Пецаковска, Сузана и Лазаревска, Споменка (уредници) Ромските активисти за информирани и ефикасни политики за интеграција на Ромите: кратки документи за јавни политики

7 Програма за помош и поддршка при реинтеграција на повратници во Република Македонија согласно реадмисионите договори, Влада на Република Македонија, јануари 2010, стр.3

на повратниците како целна група и развој на соодветни програми и мерки. Оттука, Министерството за внатрешни работи треба да биде одговорно за собирање и објавување на податоци за ова прашање. Исто така, треба да постои систем за размена на информации меѓу Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика, Центрите за социјална заштита и училиштата, со цел секој од чинителите да може да придонесе за подобра интеграција на повратниците во согласност со нивната надлежност.

www.analyticamk.org



**МАГДАЛЕНА ЛЕМБОВСКА,**
*ИСТРАЖУВАЧ ЗА БЕЗБЕДНОСНИ ПРАШАЊА*
mlembovska@analyticamk.org